РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-552/11
24.06 2016 год.
СКОПЈЕ

Собранието на Комората на извршители на Република Македонија, врз основа на член 77 од Законот за извршување (Службен весник на РМ бр.72/2016 од 12 април 2016 година), на седницата на Вонредното Собрание одржана на ден 20.06.2016 година, во Скопје, го донесе следниот

**Правилник за начин на назначување на помошник извршител, формата и содржината на легитимацијата на помошникот извршител и начинот на нејзиното издавање и одземање**

Член 1

Со овој правилник се уредува начинот на назначување на помошник извршител, формата и содржината на легитимацијата на помошникот извршител и начинот на нејзиното издавање, како и правата, обврските и одговорности кои тој ги има при вршење на својата работа.

Член 2

Помошник на извршител е лице кое во согласност со одредбите на овој закон, му дава помош на извршителот при спроведувањето на извршните дејствија согласно член 51 ст.1 од Законот за извршување.

1. **Назначување на помошник извршител**

Член 3

За помошник на извршител може да се назначи лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Македонија- што се докажува со Уверение за државјанство;
- да е деловно способно – што се докажува со Уверение за деловна способност;
- да има општа здравствена способност – што се докажува со лекарско уверение за општата здравствена состојба издадено од надлежна здравствена установа од областа на медицина на трудот кое не е со изминат рок од 12 месеци;
- да има завршено правен факултет – што се докажува со диплома за завршен правен факултет;

- да има најмалку три години работно искуство на правни работи или две години на извршни работи– што се докажува со потврда од работодавец односно потврда од Комора на извршители на РМ согласно евиденцијата за вработени кај извршител;
- активно да го владее македонскиот јазик- се докажува со завршено школување во Република Македонија, а доколку лицето школувањето го завршило во странство потребно е да приложи потврда за активно познавање на македонскиот јазик издадена од Филолошкиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" – Катедра за македонски јазик и јужнословенски јазици;
- да не е осуден со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор над шест месеца – што се докажува со Уверение за неосудуваност.

Член 4

Предлогот за назначување на помошник извршител писмено до Комората го поднесуваат заедно извршителот и лицето кое треба извршителот да го назначи за помошник и тоа треба да содржи:
- име, презиме, место и датум на раѓање на лицето кое треба да се назначи за помошник и единствен матичен број на граѓанинот (во натамошниот текст: ЕМБГ);
- име, презиме и место на работа на извршителот и
- ако лицето кое треба да се назначи за помошник претходно работело како помошник на извршител, периодот во кој работело, како и имињата и местата на работа на извршителите кај кои претходно работело како помошник на извршител.

Претседателот на Комората врз основа на предлогот од извршителот назначува лице кое ќе работи во неговата канцеларија како помошник на извршител и му издава легитимација.

Претседателот на Комората може да не го прифати предлогот на извршителот за назначување на помошник извршител поради неисполнување на условите за именување на помошник на извршител или поради заштита на угледот и достоинството на дејноста извршител.

Член 5

Врз основа на Решението за назначување на помошник на извршител, Претседателот врши упис во Имeникот на помошници кој го води Комората, по претходно писмено барање за упис во Именкот поднесено од страна на помошникот до Комората.

Барањето за упис во Именикот на помошници на извршители на КИРМ мора да е уредено со следните прилози кон барањето:

1. Решение на извршителот за назначување на помошник на извршител-копија;
2. Обрасци М1 и М2 -копија
3. 2 фотографии во боја 2,5 x 3 см
4. Кратка биографија на помошникот.

Претседателот по упис во Именикот на помошникот на извршителот му издава легитимација на која задолжително стои регистарскиот број под кој е упишан помошникот.

Член 6

**2. Формата и содржината на легитимацијата на помошник извршител**

Легитимацијата се издава според Образец 1 кој е составен дел на овој правилник.
Легитимацијата есо големина 7.5 x 11.5 см.

Кориците на легитимација од надворешната страна се од кожа, во темно сина боја. На предната страна на корицата во горниот дел е втиснат текст "РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" Министерство за правда, а во средината "ЛЕГИТИМАЦИЈА ЗА ИЗВРШИТЕЛ".

Внатрешните страни на легитимацијата се од бела боја.

На првата внатрешна страна во горниот лев агол е втиснат заштитниот знак на божицата на правдата. Под него е испишан текстот "Република Македонија,Комора на извршители на РМ ".

На горниот десен агол се наоѓа место за фотографија во боја со големина 2,5 x 3 см, а во средината е испишано "Легитимација за помошник на извршител". На долниот лев агол се наоѓа место каде се запишува името и презимето на помошникот на извршителот, функцијата која ја врши, името на извршителот каде врши функција, а на долниот десен агол се наоѓа место за печат, потпис на претседателот и регистарски број на помошникот на извршители под кој е заведен во Именикот на помошници на извршители во Комората.

На втората внатрешна страна на легитимацијата се содржани следните податоци: датум, месец и година на раѓање, живеалиште и дата на издавањето.

На третата внатрешна страна на легитимацијата е втиснат симболот на божицата на правдата која во десната рака држи терезија високо подигната, а во левата рака, спуштена со меч чиј врв го допира тлото. Божицата е во златна боја, со рамка чија горна половина во златна боја врз која е испишан текстот "Република Македонија".

### 3. Престанување на дилжноста помошник извршител

Член 7

На помошникот на извршителот ќе му престане должноста на помошник извршител:

- кога ќе му престане работниот однос кај извршителот,
- со повлекување на Решението за назначување на помошник од страна на претседателот на Комората, а по претходно барање на извршителот,
- со разрешување или престанок на должноста на именуваниот извршител и
- по барање на помошникот на извршителот.

Во случај на повлекување на назначувањето од страна на извршителот, извршителот е должен со писмено известување да ја извести Комората на извршители заради бришење од Именикот на помошници на извршители.

Член 8

Помошникот на извршителот на кој му престанала функцијата според основите утврдени во Законот за извршување, ја предава легитимацијата во Комората на извршители на РМ.

Во случај на непредавање, а престанал основот по кој е издадена, по службена должност, Претседателот на Комората на извршители на РМ ја поништува легитимацијата и за тоа го известува извршителот.

Член 9

Помошникот на извршителот е должен веднаш а најдоцна до три дена писмено да ја извести Комората на извршители на РМ во случај ако ја изгубил службената легитимација или на друг начин останал без неа, со кое ги изнесува и причините и се отпочнува постапката за издавање на нова.

Член 10

Материјалните трошоци за издавање на легитимациите од страна на Комората се на товар на помошникот извршител, во износ определен од страна на Управниот одбор на Комората.

**Права, обврски и одговорности на помошникот на извршителот**

Член 11

Помошник извршител е лице кое врши јавни овластувања утврдени со Законот за Извршување, именувани/назначени согласно ЗИ и кои директно одлучуваат за дејствијата што треба да се превземат во рамките на своите овластувања претходно дадени од страна на извршителот од кој се назначени, за да се спроведе извршната исправа и да ги преземат извршните дејствија.

При спроведувањето на дејствијата, помошникот на извршителот се легитимира во кое својство настапува. Тој освен своето име и презиме, го наведува и името, презимето и подрачјето за кое е именуван извршителот за кого тој постапува.

Член 12

Овој Правилник влегува во сила со денот на негово објавување на веб страната на Комората а ќе започне со примена со денот на примена на Законот за извршување (Службен весник на РМ бр.72 од 12.04.2016 година).

Комора на извршители на РМ

Претседател,

Зоран Петрески